ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „УЛИЦИ И ПАТИШТА“ СКОПЈЕ

01 2023 10 06

Скопје, април 2024 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие „Улици и патишта“ Скопје, за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и мислење со резерва за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие „Улици и патишта“ Скопје за 2015 година, во кој е изразено неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Ревизијата изврши проверка на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на ЈП „Улици и патишта“ Скопје и утврди дека од дадените осум препораки, пет се спроведени, една е делумно спроведена и две препораки не се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај ЈП „Улици и патишта“ Скопје за 2022 година, утврдени се следниве состојби:

- реконструирање и санација на сообраќајници без издадено одобрение за реконструкција и изведба на работи надвор од проектна документација;
- нереално согледување на основот на ненаплатените побарувања и долгорочните финансиски средства и нивно вредносно усогласување;
- утврдени неправилности во начинот на пресметка, исплата и евиденција на платите и надоместоците на вработените;
- склучени авторски договори за ангажмани кои не подразбираат креирање на авторско дело;
- основачкиот влог на претпријатието не е запишан во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар и
- неефикасно функционирање на единицата за внатрешна ревизија.

За надминување на утврдените состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата обелоденува за неизвесност што може да има финансиски импликации врз работењето на претпријатието за судски постапки кои се водат пред надлежните судови во кои ЈП е тужена странка во вкупен износ од 217.259 илјади денари. Исто така, ревизијата обелоденува за учеството во вложувања на обични акции во деловна банка, кои се префрлени на сметка на хартии од вредност на Министерството за финансии и истите се предмет на јавна берзанска аукција, за што ЈП им поднесено тужба по однос на надомест на штета и до денот ма вршење на ревизијата не се преземени процесни дејствија по истата.

Во делот на клучни прашања ревизијата известува за годишните програми и склучените договори каде не се планираат преземените обврски од претходната година, што е причина по истекот на календарската/буџетска година, основачот, односно нарачателот да не ги прифати реализираните активности за кои издал налог за работа и покрај потврда од надзорот дека се реализирани, кои за 2021 и 2022 година изнесуваат 68.213 илјади денари. Ваквата состојба влијае на реализација на планираните активности од тековната година, но истовремено кај претпријатието кое ги реализирало активностите, а истите не ги наплатило, влијае на неговата ликвидност.

Од страна на директорот на ЈП „Улици и патишта“ Скопје, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, истите се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на утврдените состојби.

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 5 |
| 4. | Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 11 |
| 5. | Клучни ревизорски прашања | 11 |
| 6. | Законска основа за ревизијата и временски период | 15 |
| 7. | Опфат и ограничувања | 15 |
| 8. | Одговорност за финансиски извештаи | 15 |
| 9. | Одговорност на ревизорите | 16 |
| 10. | Одговор на ревидираниот субјект | 17 |

Финансиски извештаи за 2022 година

| | |
|---|---|
| Биланс на успех | 18 |
| Биланс на состојба | 19 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 20 |
| Извештај за паричниот тек | 21 |

Сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи

| | |
|---|---|
| Вовед | 22 |
| Сметководствени политики | 28 |
| Објаснувачки белешки кон финансиските извештаи | 33 |

Прилози:

Прилог број 1 - Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог број 2 - Одговор на забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| АОП | Автоматска обработка на податоци |
| В.Д. | Вршител на должност |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| ЗТД | Закон за трговските друштва |
| ИТ | Информатичка технологија |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МСС | Меѓународни сметководствени стандарди |
| МСФИ | Меѓународен стандард за финансиско известување |
| МСЕ | Мали и средни ентитети |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МФ | Министерство за финансии |
| ССА | Асфалтен бетон за завршни абечки слоеви на коловозни конструкции (Stone Matrix Asphalt) |
| УО | Управен одбор |
| ЦРРСМ | Централен регистар на Република Северна Македонија |

Број: 17-327/6
Дата: 08.04.2024

## 1. Вовед

Јавно претпријатие „Улици и патишта"- Скопје е основано од Град Скопје, како јавно претпријатие од јавен интерес од областа на градежништвото кое врши изградба на улици, патишта, тротоари, велосипедски и пешачки патеки, нивно одржување, реконструкција и обележување со сообраќајни знаци во урбаните заедници на Град Скопје. Својата дејност ја обавува од 1958 година како Градска управа за патишта, организација со самостојно финансирање. Од 1972 до 1992 година како работна единица се наоѓа во состав на ЈКП „Комуналец" Скопје. Од октомври 1992 година, со Одлука број 02-38007, се издвојува од ЈКП „Комуналец" Скопје и започнува да функционира како самостоен правен субјект, регистриран во Окружен стопански суд Скопје на 29 декември 1992 година по регистерски број 19253/92, како Јавно претпријатие "Улици и патишта" Скопје, со седиште во Скопје на улица „Коле Неделковски" број 38. Во правниот промет и во односите со трети лица, претпријатието истапува во свое име и за своја сметка, само во рамките на дејноста која е запишана во регистарот, а за обврските спрема трети лица, преземени во свое име и за своја сметка, претпријатието одговара со целиот свој имот подобен за извршување.

Претпријатието поседува А-Интегрирана еколошка дозвола[1] за асфалтна база во железара како и лиценца[2]-Б за проектирање на градби од втора категорија и лиценца[3] Б за изведба на градби од втора категорија.

[1]УП1-11/3-1029 од 24.11.2023 година од МЖСПП
[2] И.197/5 од 09.11.2022 година од МТВ
[3] П-1010/5 од 08.04.2022 година од МТВ

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 18 до 21 на Јавното претпријатие „Улици и патишта" Скопје, за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Преглед на промени на капиталот и резервите и Извештај за паричниот тек за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и објаснувачките белешки кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие „Улици и патишта" Скопје за 2022 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното претпријатие „Улици и патишта" Скопје на ден 31 декември 2022 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие „Улици и патишта" Скопје, за 2022 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Во сметководствената евиденција, односно трговските книги и финансиските извештаи на 31.12.2022 година, претпријатието има искажано побарувања од купувачи во вкупен износ од 282.275 илјади денари.

Структурата на побарувањата е прикажана на следниот графикон:




Евидентираните побарувања се по основ на извршени услуги за одржување и реконструкција на сообраќајници, пешачки и велосипедски патеки и јавни рекреативни површини на подрачјето на Град Скопје со следната структура: 34.624 илјади денари се сомнителни и спорни побарувања, 24.943 илјади денари се тужени побарувања и 222.708 илјади денари се останати побарувања.

Со извршениот увид во евиденцијата на побарувањата и нивната наплата ревизијата констатира дека побарувања во износ од 115.355 илјади денари се однесуваат на извршени услуги во период од 1996 година до 2019 година, за кои претпријатието не преземало активности за нивна наплата согласно член 360 од Законот за облигационите односи, каде е уредено правото на утврдување и наплата.

Структурата на ризични побарувања во вкупните побарувања е прикажана на следниот графикон.




Ваквиот начин на постапување не е во согласност со Оддел 23 точка 27 од МСФИ за МСЕ кој пропишува дека доколку не постои веројатност за наплата на износот што е веќе признат како приход, ентитетот го признава не наплатливиот износ како расход наместо како исправка на износот на приходот, што има за резултат необјективно искажување на побарувањата од купувачите и трошоците на работење во финансиските извештаи за 2022 година.

**Препорака:**

Одговорните лица во претпријатието да преземат активности за:

- навремена наплата на побарувањата;
- оценка на наплатливост на побарувањата на крајот на секој период на известување и врз основа на веродостојни докази да предложат соодветен акт за постапување.

3.1.2. Во деловните книги на ЈП „Улици и патишта" - Скопје, основната главнина е евидентирана во износ од 23.185 илјади денари како непаричен влог и истата не е запишана во единствениот Трговски регистар и регистарот на други правни лица при ЦРРСМ како што е уредено со член 298 став 1 точка 3 од

Законот[4] за трговски друштва. Според потврдата за Тековната состојба на субјектот од Централниот регистар, во документот не се наведени вложените средства во субјектот, односно основачкиот влог на друштвото.

Недостатокот на податоци во ЦРРСМ, кој претставува централна информативна база на правни и друг вид релевантни податоци, не овозможува да се потврди точноста, реалноста и објективноста на искажаниот износ на основната главнина во Билансот на состојба, согласно одредбите на член 472 став 4 од ЗТД, со кој е пропишано дека трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

Препорака:

Директорот и надлежните органи во претпријатието со основачот Град Скопје, да преземат активности за упишување на основачкиот влог на претпријатието во ЦРРСМ.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со Програмата за одржување и реконструкција на сообраќајници во надлежност на Град Скопје, пешачки и велосипедски патеки и јавни рекреативни површини и финансискиот план на ЈП „Улици и патишта" Скопје за 2022 година, донесена од УО и потврдена од основачот, се планирани активностите на претпријатието за одржување на јавни сообраќајни површини во летни услови, односно реконструкција и санација на коловоз и тротоари на магистрални, собирни и сервисно станбени улици, булевари и плоштади, санација на прекопи и ударни дупки, како и изворите и висината на потребните средства за таа намена. По овој основ во 2022 година исплатени се 52.070 илјади денари.

Со ревизија на документацијата за изведување на градежните работи, констатиравме дека за реконструкција на инфраструктурните објекти, кои согласно член 57 став 2 од Законот за градење[5] спаѓаат во втора категорија на градби, претпријатието има изготвено проектна документација, за изведба добива налог од инвеститорот, односно градот Скопје, но нема обезбедено одобрение за реконструкција, што не е во согласност со член 56 од Законот за градење. Надлежен за издавање на одобрението за реконструкција, согласно

---

[4] ("Службен весник на Република Македонија" број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 239/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20*, 215/21, 99/22).

[5] "Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23

одредбите на член 58 став 4 од Законот за градење е градоначалникот на градот Скопје.

Со увид на изведената градба, констатирана е следната состојба:

- по проектна документација, односно основен проект[6] со фаза на проектирање градежно-конструктивен, вршена е реконструкција на улицата Тодор Александров, лоцирана на јужна обиколница Водно. Со налог за работа[7], инвеститорот, односно градот Скопје, го воведува јавното претпријатие „Улици и патишта" Скопје без да обезбеди одобрение за реконструкција.
- за извршената реконструкција на изведени работи исплатени се вкупно 18.839 илјади денари, од кои 4.135 илјади денари се однесуваат на изработка и санирање на бетонски каналетки, тротоари, рабници и жардинери, односно работи кои не се предвидени со основниот проект, што не е во согласност со одредбите на член 19 од Законот за градење, според кој не е извршена измена на одделни делови од проектот за спроведување на постапка за измени во текот на изградбата. Во завршниот извештај, изготвен од јавното претпријатие како изведувач потврден од надзорниот орган не е наведено дека изведените градежни работи се согласно основниот проект и градбата може да се стави во употреба, што не е во согласност со одредбите на член 87 став 1 од Законот за градење.

[6] Основен проект за реконструкција на улица „Јужна обиколница Водно (улица „Тодор Александров" од прва кривина кај МВР со пристапна улица за влез во објект на ИЗИИС Скопје) со технички број 09-651/22 од јули 2022 година

[7] Број 03-55891 од 12.10.2022 година



Реконструкција на улица „Тодор Александров“

Ваквиот начин на работење, не дава можност реално да се утврди висината на средствата според потребите и создава ризик од несоодветна проценка на вредноста за изведување на работите, а необезбедените документи потребни за градбите во кои изведувач е претпријатието го оневозможува и нивното правилно евидентирање во јавната книга на недвижности кај инвеститорот, што има за ефект нереално прикажување на имотната состојба на основачот.

Препорака:

Директорот на претпријатието и основачот да преземат мерки и активности за изведбените работи и реконструкции на планираните градби да се вршат согласно проектната документација и издадено одобрение за градба, односно реконструкција.

3.2.2. Со одредбите на член 37 од Законот за јавните претпријатија[8] се воведува категорија на вработени - јавни службеници, а за кои важат одредбите од Законот за административни службеници.

Со извршениот увид во документацијата поврзана со пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие, ревизијата констатира дека претпријатието применува нето концепт, што не е во согласност со

8 “Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13,41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19)

Известување[9] од Министерство за финансии и прилог Упатство за примена на концептот на пресметка и исплата на бруто плата на вработените во институциите и буџетските корисници и ги утврди следниве состојби:

- начинот на пресметка и исплата на плата е уреден со Правилник[10] за основна плата и на додатоците на плата на вработените во ЈП „Улици и патишта" Скопје и Правилник[11] за измена на Правилник за основна плата и на додатоците на плата на вработените во ЈП „Улици и патишта" Скопје, кој не е усогласен со важечката законска регулатива во делот на основната компонента на плата за ниво. За административните службеници (подгрупа јавни службеници), делот на плата за нивото на кое се распоредени, се вреднува со број на бодови за секое ниво, кои не се во согласност со бодовите предвидени во членот 87 став 3 од Законот за административни службеници;
- пресметката на плата се врши врз основа на Одлука[12] за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите, донесена во месец јули 2021 година, што не е во согласност со член 88 од Законот за административни службеници, кој предвидува вредноста на бодот за пресметување на плати на јавните службеници да се утврдува секоја година, во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на финансискиот план на јавното претпријатие, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

Констатираните состојби во делот на интерните акти и начинот на пресметка на плата доведува до неоснована пресметка и исплата на бруто плата за 2022 година во износ од 2.732 илјади денари и до отстапување на платите утврдени за административните службеници и давателите на јавни услуги на територијата на Република Северна Македонија.

Препорака:

Одговорните лица на претпријатието да преземат мерки и активности за усогласување на начинот на пресметка на плата со Правилникот на плати и важечките законски прописи.

---

[9] Известување од МФ број 13-3000/1 од 28.01.2009 година
[10] Број 02-3673/8 од 26.07.2021 година
[11] Број 02-3518/4 од 20.07.2022 година
[12] Број 02-3273/4 од 06.07.2021 година

3.2.3. Во текот на 2022 година, ЈП „Улици и патишта" Скопје, врз основа на авторски договори за ангажирани шест лица, има исплатено вкупно 2.942 илјади денари. Со извршениот увид во доставената документација ревизијата ги констатира следните состојби:

- Авторските договори се склучуваат за ангажмани кои не подразбираат креирање на авторско дело согласно дефиницијата во член 12 од Законот за авторското право и сродните права[13], ниту пак за вршење на активности во насока на креирање на авторско дело, туку истите упатуваат на преземање на конкретни и повторливи дејствија, како што се: поддршка и координација на персонални компјутери за АОП и ИТ мрежа, анализа на информации и податоци за изготвување на извештај за јавни набавки, за дијагностика и сервисирање на хидраулика, електрика и енергетика на градежни машини, консултантски услуги за реализација на проекти од градежништвото за водење на објекти, водење на евиденција за реализација на издадени налози по објекти и анализа на податоци и информации од АКН за изработка на парк.
- За изборот на овие лица не постојат пишани критериуми за потребата од нивно ангажирање, стручните квалификации и компетенции кои би требало да ги поседуваат, ниту критериуми за утврдување на висината на надоместоците за извршената работа и истите се движат од 5 до 39 илјади денари месечно.

Утврдените состојби не се во согласност со член 252 од Законот за работните односи, согласно кој работодавачот може да склучи договор поради вршење на работи кои се надвор од дејноста на работодавачот, а кои имаат за предмет самостојна изработка или поправка на определени предмети, самостојно извршување на определена физичка или интелектуална работа и член 619 од Законот за облигационите односи, со кој е пропишано дека со договор за дело вршителот на работата (претприемач, изведувач на работи) се обврзува да изврши определена работа, како што е изработка или поправка на некој предмет или извршување на некоја физичка или интелектуална работа и слично. Ваквиот начин на постапување доведува до субјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лицата и создава можност од несоодветно користење на средствата.

Препорака:

Директорот да преземе мерки и активности за пропишување на политики за потребата од ангажирање на лица врз основа на авторски договор, утврдување на критериуми за определување на висината на надоместокот и спроведување

[13] ("Службен весник на Република Македонија" бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15, 27/16)

на соодветна постапка за јавна набавка доколку постои реална потреба од обезбедување на авторски услуги.

3.2.4. Внатрешна ревизија е независна активност на давање објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот. Таа помага субјектот да ги исполни своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето. Со ревизијата, во делот на организациска поставеност и начинот на функционирање на внатрешната ревизија констатиравме дека со Правилникот за систематизација на работните места[14] на ЈП „Улици и патишта" Скопје и Правилникот за измена и дополна на Правилникот за систематизација на работните места[15], формирано е Одделение за внатрешна ревизија, кое за своето работење директно одговара пред директорот на претпријатието. Во одделението, систематизирани се две работни места, (раководител на одделение и помлад соработник за внатрешна ревизија) и до денот на известување од извршената ревизија, пополнето е едно работно место, односно помлад соработник за внатрешна ревизија.

Во 2022 година, донесен е Годишен план и Стратешки план за внатрешната ревизија за период 2022 - 2024 година од директорот, што не е во согласност со одредбите на член 40 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, каде стратешкиот и годишниот план за извршување на внатрешна ревизија го донесува раководителот на единицата за внатрешна ревизија по добиена согласност од раководителот на субјектот, а за секоја поединечна ревизија истиот одобрува план и програма за ревизорските постапки.

Утврдените состојби не овозможуваат ефикасно и ефективно функционирање на внатрешната ревизија во насока на исполнување на основната задача на внатрешната ревизија за подобрување на работењето на субјектот и ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето.

Препорака:

Директорот да преземе мерки и активности во насока на екипирање на единицата за внатрешна ревизија со раководител на единицата, планирање на внатрешната ревизија согласно законот и реализација на годишниот план за ревизијата.

---

[14] Правилник за систематизација на работните места на ЈП „Улици и патишта" Скопје со бр.03-815/1 од 13.02.2020 година

[15] Правилник за измена и дополна на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП „Улици и патишта" Скопје со бр.03-815/2 од 26.07.2021 година

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Обрнуваме внимание дека Јавното претпријатие „ Улици и патишта" Скопје во 2022 година е тужена странка од 14 физички лица по основ надомест на штета за долг од 40.073 илјади денари, од едно лице за неостварени права по основ плата и надоместоци за долг од 120 илјади денари и од 51 правно лице за неподмирени обврски по основ на извршени набавки на стоки и услуги за долг од 177.066 илјади денари.

ЈП „Улици и патишта" Скопје се јавува како тужител против 7 правни лица по основ на надомест на штета и неплатени фактури за користени услуги за долг од 15.291 илјада денари.

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, а до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации врз работењето на претпријатието.

4.2. Долгорочните финансиски средства во Билансот на состојба на ден 31.12. 2022 година се проценети во износ од 685 илјади денари, што претставува учество во вложувања на обични акции во деловна банка (129 акции по вредност од 5.310 денари по акција). По известување[16] од ноември 2006 година на Централниот депозитар на хартии од вредност, истите се префрлени на сметка на хартии од вредност на Министерството за финансии и по Одлука на МФ се предмет на јавна берзанска аукција[17]. Со увид на документацијата и укажувањата на одговорните лица, претпријатието има поднесено тужба[18] против Министерство за финансии по основ надомест на штета и до денот на вршење на ревизијата не се преземени процесни дејствија по тужбата.

Истакнуваме дека одговорните лица во ЈП „Улици и патишта" Скопје треба да преземат активности за оценка на објективната вредност на финансиските средства по овој основ и да предложат соодветен акт за постапување.

## 5. Клучни ревизорски прашања

5.1. Јавно претпријатие „Улици и патишта" Скопје е основано од Град Скопје, како јавно претпријатие од јавен интерес од областа на градежништвото кое врши изградба на улици, патишта, тротоари, велосипедски и пешачки патеки, нивно одржување, реконструкција и обележување со сообраќајни знаци во урбаните заедници на Град Скопје. Својата дејност ја обавува преку реализација на оперативни годишни програми согласно развоен план на претпријатието,

[16] Број 02-4940/1 од 07.11.2006 година
[17] Број 14-14040/1 од 25.04.2006 година
[18] XI Т.С. бр.573/09

усвоен од УО и основачот. Врз основа на Развоен план за период 2020 - 2022 година, во 2022 година, реализирани се следните програми:

- ✓ Програма за одржување и реконструкција на сообраќајници во надлежност на Град Скопје, пешачки и велосипедски патеки и јавни рекреативни површини на подрачјето на Град Скопје;
- ✓ Програма за одржување на коритото на реката Вардар, нејзините притоки, отворени канали и расчистување на дивите депонии на подрачјето на Град Скопје и
- ✓ Програма за одржување на магистрални и собирни улици на подрачјето на Град Скопје во зимски услови за 2021/2022 и 2022/2023 година.

Јавното претпријатие во својство на изведувач, склучува договори со основачот односно нарачателот, со кои се уредуваат меѓусебните права и обврски за предметот, начинот и роковите на реализација на програмите.

Со увид на начинот на реализирање на програмите, ревизијата ги констатираше следните состојби:

- Нарачателот, односно градот Скопје, со налог за работа го воведува во работа јавното претпријатие, за реализација на активностите планирани со програмите, без да достави оперативен план на приоритети, кој е предвиден со Програмите, со кој се утврдува динамиката на работи секој месец, во текот на годината. Не доставувањето на динамичен план, со резервирање на средствата влијае и на реализацијата на планираните активности.
- Во годишните програми и склучени договори не се планираат преземените обврски од претходната година, што е причина по истекот на календарската/буџетска година, основачот, односно нарачателот да не ги прифати реализираните активности за кои издал налог за работа и истите се потврдени од надзорот дека се реализирани. Обврските по овој основ за 2021 и 2022 година изнесуваат 68.213 илјади денари. Ваквата состојба влијае на реализација на планираните активности од тековната година и ликвидноста на претпријатието.



Асфалтна база „Железара"

- Претпријатието, за 10-25% од фазите на работите планирани со програмите, во зависност од проектите, ангажира подизведувачи, од причина што не располага со соодветна механизација (багери, финишери, транспортни камиони, а во одредени случаеви и асфалтна база).

  Асфалтната база претставува производен погон составен од повеќе технолошки постројки кои како целина овозможуваат производство на неколку типови топла и ладна асфалтна маса со максимален капацитет од 40 тони/час, кој може да биде намален во зависност од атмосферските услови, температурата, влажноста на агрегатот и слично. Произведена и инсталирана е 1968 година, а со реконструкцијата во април 2011 година се променети неколку витални компоненти кои се значајни за нејзиното функционирање како од технолошки аспект така и од аспект на загадување на животната средина. Воведена е современа филтерска станица со т.н. суво отпрашување, со што е намалена емисијата на штетни материи во атмосферата. Системот опфаќа и автоматско отпрашување и ре циркулација на цврстиот отпад назад во процесот на производство со што се елиминира создавање на цврст отпад и отпадни води. Базата е надградена со систем за автоматско дозирање адитив во гранули за производство на специјални асфалтни мешавини од типот СМА.



Пункт „Стара механизација“ Кисела Вода

Ангажирање на подизведувачи при реализирање на планираните активности, го нарушува концептот на основањето на јавното претпријатие согласно одредбите на член 24 од Законот за локалната самоуправа заради извршување на надлежности од областа на комуналните дејности, односно реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација.

Истакнуваме дека надлежните лица на ЈП „Улици и патишта“ Скопје со основачот треба да ги интензивираат мерките и активностите за анализа на состојбата, преку Годишните програми во кои ќе се планираат преземените обврски од претходната година, доставување на оперативен план за динамика на изведба на работите со прилог проектна документација и издадено одобрение за изградба и реконструкција при воведување во работа на претпријатието, како и инвестирање во градежна машинска опрема и транспортни средства за минимизирање и отстранување на причините кои придонесуваат за ангажирање на подизведувачи при реализирање на планираните активности во тековната година.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 22.12.2023 до 26.01.2024 година кај Јавното претпријатие „Улици и патишта“ Скопје, од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие „Улици и патишта“ Скопје за 2015 година, во кој е изразено неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Ревизијата изврши проверка на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на ЈП „Улици и патишта“ Скопје и утврди дека од дадените осум препораки, пет се спроведени, една е делумно спроведена и две се не спроведени.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на директорот на Јавното претпријатие „Улици и патишта“ Скопје, застапувано од:

- Борис Настов, в.д. директор од 15.12.2021 година до 28.09.2022 година и
- Саид Саид, в.д. директор од 29.09.2022 година до 03.07.2023 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Јавното претпријатие „Улици и патишта" Скопје, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој конечен извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот ЈП „Улици и патишта" Скопје, одржан на ден 02.02.2024 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на директорот на ЈП „Улици и патишта" Скопје, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на ЈП „Улици и патишта" Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 17-327/5 од 26.03.2024 година. Забелешките се однесуваат на констатираните состојби утврдени во точка 3.2.2. Истите се разгледани и не се прифатени, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на утврдените состојби.

Забелешките и одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложенија | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 299.737 | 355.802 |
| Останати приходи | 3.2. | 16.138 | 25.419 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **315.875** | **381.221** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3. | 87.623 | 87.679 |
| Трошоци за услуги | 3.4. | 38.850 | 119.419 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5. | 130.942 | 112.994 |
| Трошоци за амортизација | 3.6. | 9.597 | 10.233 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7. | 12.975 | 20.021 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | | - | 1.035 |
| Останати расходи | 3.8. | 13.200 | 3.801 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **293.187** | **355.182** |
| Финансиски приходи | 3.9. | 317 | 1.050 |
| Финансиски расходи | 3.10. | 7.507 | 750 |
| **Добивка од редовно работење** | 3.11. | **15.498** | **26.339** |
| **Добивка пред оданочување** | 3.12. | **15.498** | **26.339** |
| **Данок од добивка** | 3.13. | **1.702** | **2.761** |
| **Нето добивка** | 3.14. | **13.796** | **23.578** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениjа | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 34.496 | 12.578 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 262.961 | 218.710 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.3. | 3.837 | 3.859 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.4. | 12.861 | 10.155 |
| Останати побарувања | 4.5. | 49 | 57 |
| Краткорочни финансиски средства | 4.6. | 598 | 598 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | | 0 | 33 |
| Залихи | 4.7. | 12.880 | 19.562 |
| **Вкупно тековни средства** | | **327.682** | **265.552** |
| | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.8. | 1.849 | 2.144 |
| Материјални средства | 4.9. | 47.246 | 54.640 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.10. | 685 | 685 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **49.780** | **57.469** |
| **Вкупна актива** | | **377.462** | **323.021** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 5.1. | 131.146 | 94.639 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 5.2. | 1.008 | 957 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 5.3. | 5.436 | 9.438 |
| Обврски спрема вработените | 5.4. | 16.530 | 14.731 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 5.5. | 132 | 140 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 5.6. | 11.735 | 5.437 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **165.987** | **125.342** |
| | | | |
| **Главнина и резерви** | | | |
| Основна главнина-запишан и уплатен капитал | 6.1. | 23.185 | 23.185 |
| Ревалоризациони резерви и разлики од вреднување на компоненти на останата сеопфатна добивка | 6.2. | 88 | 88 |
| Резерви | 6.3. | 2.319 | 2.319 |
| Акумулирана добивка | 6.4. | 172.087 | 148.509 |
| Добивка од тековната година | 6.5. | 13.796 | 23.578 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **211.475** | **197.679** |
| **Вкупна пасива** | | **377.462** | **323.021** |

**П Р Е Г Л Е Д**

**НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ**

во 000 денари

| О П И С | Основна главнина- запишан и уплатен капитал | Ревалоризациони резерви и разлики од вреднување на комоненти на останата сеопфатна добивка | Резерви | Задржана (акумулирана) добивка од претходна година | Добивка од тековната година | Вкупно капитал и резерви |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба и промени на капиталот и резервите | | | | | | |
| **Состојба на ден 01 јануари 2022** | **23.185** | **88** | **2.319** | **148.509** | **23.578** | **197.679** |
| Задржана акумулирана добивка од претходна година | | | | 23.578 | (23.578) | - |
| Добивка од тековна година | | | | | 13.796 | 13.796 |
| **Состојба на ден 31. декември 2022** | **23.185** | **88** | **2.319** | **172.087** | **13.796** | **211.475** |

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2022 ГОДИНА | |
|---|---|
| | во 000 денари |
| | **2022/2021** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **13.796** |
| Амортизација | 9.597 |
| **Готовински текови од работење** | **23.393** |
| Побарувања од купувачи | (44.251) |
| Побарувања за дадени аванси | 22 |
| Побарувања од државни органи и институции | (2.706) |
| Останати побарувања | 8 |
| Платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР) | 33 |
| Залихи | 6.682 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 36.507 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 51 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | (4.002) |
| Обврски спрема вработените | 1.799 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | (8) |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 6.298 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **23826** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (1.908) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(1.908)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **21.918** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **12.578** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **34.496** |

При усогласување на актите за внатрешна организација и ситематизација на работни места во јавното претпријатие како и правилникот за основна плата во 2021 и 2022 година, пресметката и исплатата на платата на вработените во јавното претпријатие се вршеше согласно Правилникот за основна плата и додатоци на плата во ЈП Улици и патишта-Скопје, кој е изготвен во консултации со МИОА.

**Доказ:**Известување бр.12/6-1106/4 од 03.03.2020 година од МИОА

Но при усогласувањето на актите јавните претпријатија се судрија со проблем во врска со примена на Закон за вработени во јавниот сектор, Закон за јавните претпријатија и Закон за административни службеници за подгрупата јавни службеници,кои на специфичен начин ги уредуваат правата и обврски на вработените во јавните претпријатија во зависност од класификацијата на работните места во јавниот сектор согласно чл. 14 од Законот за вработените во јавниот сектор од тие причини се обративме до МИОА со барање за добивање насоки во врска со примена на Закон за вработени во јавниот сектор, Закон за јавните претпријатија и Закон за административни службеници за подгрупата јавни службеници, затоа што при подготовка на актите кои ги имплементираат овие закони во внатрешниот систем на работење на Јавните претпријатија,(кои извршуваат градежни работи,даваат услуги и др.) работните групи се соочија со многу нејасно дефинирани законски одредби кои го отежнуваат имплементирање на законите vis a vi нормалното функционирање на Јавните прептијатија, кои да не заборавиме вршат дејност од јавен интерес почитувајќи ги принципите на: **сигурност во давањето на услугите и при извршување на работите, континуитет и квалитет на услугата,работата, транспарентост, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите.**

Дали за начинот на пресметка на платата во Правилник или Колективен договор за оние работни места од административна природа а кои се наведени како подгрупа јавни службеници децидно мора да го применуваме бодирањето од член 87 од Законот за административните службеници?Затоа што доколку се постапи согласно овој член ќе доведе до намалување на платите на оваа категорија наспроти другите две категории(даватели на услуги и помошно техничките лица) кои пак од друга страна не се класични административни –државни службеници и ваквата постапка кај оваа подгрупа на вработени ќе предизвика вознемиреност, страв и несигурност.

Исто така дали Јавните претпријатија и синдикалните претставници на вработените во Јавните претпријатија треба да изготват и потпишат три различни Колективни договори места (што е неспојливо) во зависност од класификацијата на вработените во јавните претпријатија, или пак ќе се склучи еден Колективен договор во кој посебно ќе бидат разработени сите класифицирани групи на работни места?
Веќе во октомври 2023 година, потпишан е Колективен договор со кој се уредуваат, односно доуредуваат, правата и обврските на работниците во ЈП „Улици и патишта“ - Скопје, начинот на остварување на правата, обврските од работниот однос и други прашања од интерес за работниците и претпријатието, како и начинот и постапката за решавање на меѓусебните спорови.

Со овој Колективен Договор можат да се утврдат само поголеми и поповолни права од правата предвидени со Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници,Законот за јавните претпријатија, други закони и Општиот Колективен договор за јавниот сектор или друг колективен договор, кои не се предвидени со наведените акти.
Одредбите во овој Колективен договор со кои се утврдени помали или понеповолни права од правата утврдени со актите од став 1 на овој член се ништовни.

**Доказ:**Колективен договор бр.02-5374/8 на ЈП Улици и патишта-Скопје

Што се однесува до Одлуката за утврдување на вредноста на бод за пресметка на плата на вработените бр.02-3273/4 е од 06.07.2021 година, затоа што јавното претпријатие во тој период имаше усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација на рабитни места како и правилникот за плата.
За 2023 и 2024 година Одлуката за вредноста на бодот за пресметка на платите на вработените заедно оди со Финансискиот план на ЈП како материјал за усвојување на иста седница на органот на управување.

**Доказ:**Одлуки за вредност на бод за 2023 и 2024г. и Финансиски планови за 2023 и 2024г.

Во согласност со наведеното, сметаме дека забелешката во *подточка 3.2.2.* треба да се корегираат

Изготвиле
Марина Давчевска
Виолета Стаменовска

Директор/ Drejtor
m-r Qamil Kovaçi

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА RRUGË DHE RRUGICA СКОПЈЕ-SHKUP

ПРИЛОГ БРОЈ 2

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на ЈП „Улици и патишта” Скопје, број 03-1794/1 од 26.03.2024 година, од страна на г. Ќамил Ковачи, директор на ЈП „Улици и патишта” Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 17-327/5 од 26.03.2024 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.2.2.** која се однесува на пресметка и исплата на плата на вработените во јавното претпријатие, **не се прифаќа**, од причина што не се доставени дополнителни докази кои ќе ги оспорат констатациите во наодот. Образложението, дека концептот пресметка и исплата на бруто плата не се однесува за јавните претпријатија, а не утврдувањето на вредноста на бодот за пресметување на плати на јавните службеници секоја година е поради усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и известувањето до колку се примени вреднување со број на бодови секое ниво на административните службеници (подгрупа јавни службеници), согласно членот 87 став 3 од Законот за административни службеници ќе доведе до намалување на платите на оваа категорија наспроти давателите на услуги и помошно техничкиот персонал, не ја оспорува констатираната состојба, во делот на интерните акти и начинот на пресметка на плата. Имено, концептот на пресметка и исплата на плати и уплата на придонеси и данок на личен доход, т.н концепт на бруто плата на работниците, произлегува од постојната законска регулатива, односно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и подзаконските акти кои го регулираат начинот на пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување, данокот на личен доход и нето платата и начинот на пополнување на Образецот МПИН- Месечна пресметка за интегрирана наплата.